# МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

**Охрид, 28 јуни – 13 јули 2010**




Деканот на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, **проф. д-р Ацо Гиревски** и годинава беше учесник на **Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура,** во организација на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" – Скопје, што се одржа од 28 јуни до 13 јули 2010 во Охрид.

Проф. д-р Ацо Гиревски говореше на тема: „**Приближувањето на богослуженеието на современите говорни јазици - предуслов за духовна обнова**". Во своето предавање професорот о. Гиревски укажа на исклучителната важност на богослуженеието за православните христијани, потоа говореше за практикувањето и видовите на христијанското богослужение, а главната тема во предавањето му беше прашањето за (и против) воведување на народниот говор во богослуженеието, како предуслов за духовна обнова, со посебен осврт во традицијата на Македонската православна црква.

На крајот од предавањето следуваа неколку заклучни зборови преку кои, меѓу другото, професорот Гиревски истакна дека Македонската православна црква со преводот на Библијата на современ македонски литературен јазик, а потоа и со преводот на црковните богослужбени книги на современиот говорен јазик, постави добра платформа за натамошниот развој и усовршување на македонскиот јазик. Дотолку повеќе што со преводот на Библијата и со богослужбените книги се даде убедлив доказ дека македонскиот јазик е **мелозвучен, молитвен, кршлив, разигрлив** и дека на него можат да се пренесат и посложени (мистички) мисли, погледи, формулации што се среќаваат во библиските текстови. Можеби овој посебен профил на македонскиот јазик, не е и единствениот, заклучи професорот Гиревски, заради кој заслужува лингвистите да му посветат поголемо внимание од досегашното.

***

**На Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура** беше подготвена разновидна програма, покрај редовните лекторски курсеви по македонски јазик, имаше и добар избор на предавачи, кои ги откриваа тајните и спецификите на македонскиот јазик и неговата литература, историја и култура. На летната школа, исто така, работеа врвни стручњаци во својата област. Лектори беа наставниците и соработниците од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, а предавачи еминентни стручњаци од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и од неговите придружни членки, меѓу кои **Православниот богословски факултет**, како и од најугледните македонски научни и културни институции.



Во програмата беа вклучени и културни активности, филмови, телевизиски драми, разгледување на македонскиот бисер Охрид со неговите знаменитости, манастирот Свети Наум на Белото Езеро, Свети Спас во Горно Лакочериј, Света Богородица во Скрабино и други интересни места, преку кои учесниците беа запознати со еден прекрасен дел на Македонија.



**Учесници**

На летната школа учествуваа странски слависти, македонисти, балканисти, универзитетски професори, научни работници, преведувачи, млади истражувачи и студенти по македонистика, славистика и балканистика низ светот. Бројот на учесници се движи од 80 до 100, во зависност од финансиската поддршка на Дражавата. Оваа година учествуваа околу 90 учесници.

**Организатор**

Летната школа ја организира Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Адреса: Бул. Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје

msmjlk@ukim.edu.mk
www.ukim.edu.mk/msmjlk